Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 64, 13 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле фармација, специјалист од областа испитување и контрола на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за наставно-научното поле фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле економски науки и менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Современи инженерски материјали“ од авторите д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**ПРИГОВОР** од кандидатот Јован Шоповски ........ 29

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатот Јован Шоповски ........ 30



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип на својата 41. седница, одржана на 25 јануари 2011 година, донесе Одлука за распишување Конкурс за еден наставник во насловно звање ***доцент/вонреден професор*** за наставно-научната област ***офталмологија*** на Факултетот за медицински науки.

На 16 февруари 2011 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-31/12 и Решение за претседател бр. 2502-31/14, бр. 2502-31/15 за член и бр. 2502-31/16 за член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

1. д-р Весна Јорданова-Димовска, редовен професор на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, претседател;
2. д-р Милена Голубовиќ-Арсовска, доцент на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член;
3. насл. доц. д-р Невенка Лабан-Гучева, Клиника за ендокринологија - Скопје, член.

Конкурсот беше објавен во дневниот весник „Дневник” на 4 февруари 2011 година. На Конкурсот се пријави д-р Каролина Блажевска-Бужаровска, доктор по медицински науки по офталмологија.

Врз основа на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, кој беше објавен на 4 февруари 2011 год., за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ се пријави еден кандидат.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Каролина Блажевска-Бужаровска** е родена на 30 септември 1962 год. во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. На Медицинскиот факултет дипломира во 1986 година, со среден успех 9,26.

Веднаш по дипломирањето станува стипендист на Републичкиот секретаријат за координација на научните дејности во траење од една година.

Од 1 јули 1988 година е вработена во редовен работен однос на Клиниката за очни болести, каде што работи и денес. По изведувањето на задолжителниот лекарски стаж, на 9 септември 1992 год. го положува стручниот испит.

Специјализацијата по офталмологија ја започнува во јули 1989 год., а ја заршува во септември 1992 год., стекнувајќи се со звањето **специјалист по офталмологија**.

Постдипломските студии по предметот Офталмологија ги завршува во 1994 год., со среден успех 9,5, а магистерскиот труд „*Видно поле и влијание на крвниот притисок кај глауком*“ го одбранува во јуни 2001 год.

Во 2009 година со одбрана на докторската дисертација со наслов „*Трабекулектомија со и без примена на 5-фу кај пациенти со глауком и влијание на васкуларните фактори кај нив*” се стекнува со звањето **доктор по медицински науки**.

За помлад асистент е избрана во 1991 година на Катедрата по офталмологија при Медицинскиот факултет во Скопје, а звањето асистент по истиот предмет го добива во 1994 година на истата Катедра. Во истото звање повторно е реизбрана во 1998 и 2003 година.

Во 2007 година е избрана за генерален секретар на Здружението на офталмолозите на Република Македонија.

***Наставна дејност***

Уште со вработувањето во Клиниката за очни болести, како клинички лекар, д-р Каролина Блажевска-Бужаровска е вклучена во едукативниот процес преку самостојно изведување на вежбите по предметот Офталмологија.

Во периодот 2001-2003 година е ментор на три студентски теми презентирани на конгресите на студентите по медицина.

Во согласност со програмата и грантовите Tempus Phare, во период од еден месец престојува на Институтот за глауком во Париз кај проф. д-р Ивес Ласшар.

Кандидатката има одлични познавања од работа со компјутери и англиски јазик. Исто така, се служи и со германскиот јазик.

***Стручна и научна дејност***

Д-р Каролина Блажевска-Бужаровска учествува на повеќе конгреси и семинари, во земјава и во странство. Кандидатката учествува во работата на двата конгреса на офталмолозите на Македонија во Охрид, во 2004 и во 2009 година.

Со свои трудови партиципира на Европскиот конгрес на офталмолозите во Милано во 1995 год., Рим во 1994 год., Париз во 1996 год., Лондон во 2000 год.,Будимпешта во 1996 год., Истанбул во 2001 год., Сиднеј во 2002 год., Фиренца во 2005 год., Златибор во 2008 год. и во Тирана во 2010 год.

Кандидатката д-р Каролина Блажевска-Бужаровска остварува три студиски престои. Во периодот од 1 октомври 1998 до 1 декември 1998 год. реализира двомесечен студиски престој и усовршување како стипендист на Европската глаукомска асоцијација во “Moorfields Eye Hospital” на Одделот за глауком кај професорот R.Hitchings во Лондон, по што во својата работа го имплементира користењето на ласер кај глауком и употребата на локален антиметаболит во операциите на глауком.

Во период од две недели во 1994 година учествува во работата на Семинарот за воведување на полуавтоматизирана периметрија во Есен (Германија) и ја поминува стручната едукација во Очната болница во Нирнберг.

Во периодот 2010/2011 год. е член на Работната група за акредитација на офталмолошките установи во Р. Македонија.

Подолго време соработува со Очното одделение во Штип во обуката на докторите за операција на катаракта со имплanaтација на интраокуларна леќа.

***Список на трудови***

Д-р Каролина Блажевска-Бужаровска е избрана во звањето помлад асистент во 1991 год. Трудовите за овој избор се рецензирани во Билтен бр. 1991.

Во звањето асистент по предметот Офталмологија е избрана во 1995 год. Трудовите се рецензирани во Билтен бр. 612, во 1994 год.


1. Значење на начинот на апликација на кортикостероидите.
   Ј.Иванов, М. Голубовиќ, К. Блажевска, Л. Масева, Српско лекарско друштво, 1992.
2. Секундарен глауком и негово медико-социјално значење. З.Бужаровски, Ј. Иванов, Т. Поповски, К. Блажевска, Конгрес на лекари на Македонија, Охрид, 1991.
3. Акутни и исхемични состојби на хориоретиналната циркулација. Г. Софрониева, М.Ивановска, Т. Јосифова, К. Блажевска, Конгрес на лекари на Македонија, Охрид, 1991.
4. Оклузивни промени на ретиналните крвни садови. М. Ивановска, Г. Софрониева, Т. Јосифова, К. Блажевска, Конгрес на лекари на Македонија, 1991.

5. Мултипла склероза и ретробулбарен неврит. Т. Јосифова, Г. Софрониева, М. Ивановска, К. Блажевска, М. Демирџиев, Конгрес на лекари на Македонија, Охрид, 1991.
6. Јатроген глауком. К. Блажевска, Т. Јосифова, М. Ивановска, Г. Иванова, З. Бужаровски, Конгрес на лекари на Македонија, Охрид, 1991.

***Реизбор во звањето асистент - рецензирани во Билтен бр.713, во 1998 год.***

7. Toxocara canis. Приказ на случај. К. Блажевска, М. Ивановска, Г. Софрониева, Европски офтамолошки конгрес, Милано, 1995.
8. Стаза на ПНО кај тумори на мозокот. К. Блажевска, З. Арнаудовски, М. Голубовиќ, Т. Јосифова, Конгрес на неврологите на РМ, 1994.
9. Факолитичен глауком. Патогенеза и третман. К. Блажевска, М. Голубовиќ, Т. Јосифова, В. Јорданова, Конгрес на лекарите на Македонија.
10. Конгенитален глауком, откривање и превенција на слепило. К. Блажевска, Т. Јосифова, М. Голубовиќ, Конгрес на дефектолози на Македонија, Охрид, 1995.
11. Статичка периметрија кај пациенти со примарен глауком и низок крвен притисок. К. Блажевска, Т. Јосифова, М. Голубовиќ, Бугарски офталмолошки конгрес. Плевен, 1994.
12. Неонатални конјуктивити, најчести причинители и третман. К. Блажевска, Т. Јосифова, М. Голубовиќ, Конгрес на микробиолозите на Македонија, 1996.
13. Циркулаторни имунокомплекси кај задни увеити. М. Голубовиќ, М. Антова, К. Блажевска, Т. Јосифова, Д. Ставриќ, Конгрес на имунолози на Македонија,1996.
14. Воспалителни заболувања на средна очна обвивка кај деца и нивно значење. М. Голубовиќ, К. Блажевска, Т. Јосифова, Д. Ставриќ, В. Николовска. Конгрес на дефектолози на Македонија, 1995.
15. Орбитален целулити корелација со инфекција на параназалните синуси. М. Голубовиќ, Д. Ставриќ, К. Блажевска, Конгрес на неврологите на Македонија, 1996.
16. Семиотика на едем на ПНО. М. Голубовиќ, К. Блажевска, З. Арнаудовски, В. Николовска, Конгрес на невролози на РМ, 1996.
17. Очно дно кај болни со церебрална апоплексија. М. Голубовиќ, К. Блажевска, В. Николовска, З. Арнаудовски, Конгрес на невролози на Македонија,1996.
18. Периметриска дијагностика на глауком при прво испитување на пациентот. К. Блажевска, Т. Јосифова, М. Голубовиќ, М. Антова, С. Бошњаковска, Е. Џајковска.
19. Интернационален симпозиум за глауком, Рим, 1997.
20. Статичка периметрија во дијагноза и третман наглауком.К.Блажевска Бужаровска. Здружение на офталмолози на Македонија .1995.
21. Специфицности на трауми во детска возраст - третман и прогноза. К. Блажевска, С. Бошњаковска, Т. Јосифова, М. Голубовиќ, СОЕ Конгрес, Будимпешта, 1997.
22. Тумори на окото и помошниот апарат во нашата популација. К. Блажевска, М. Голубовиќ, В. Николовска, З. Арнаудовски, Конгрес на лекарите на Македонија,1996.

***Реизбор во звањето асистент рецензирани во Билтен бр.828, 2003 год.***

23. Глауком и главоболка. К.Блажевска,Т.Јосифова, М.Голубовик. Конгрес на невролози на Македонија 2000. Зборник на трудови.
24. Очна хипертензија ризик фактор за глауком. К.Блажевска Бужаровска, Т.Јосифова, М.Голубовиќ. СОЕ конгрес, Стокхолм, 1999.
25. Значење на хемодинамски параметри во терапија на венска оклузија. Т.Јосифова, М.Ивановска, Г.Софрониева, К.Блажевска.
26. Клинички аспекти и следење на БРВО после ласерфотокоагулација. Т.Јосифова, М.Ивановска, К.Блажевска, В.Бучковска.
27. Ласер фотокоагулација кај пациенти со пролиферативна ретинопатија. Т.Јосифова, М.Ивановска, Г.Софрониева, М.Голубовиќ, К.Блажевска. Интернационален офталмолошки конгрес, 1998.
28. Дали да се дренира субретиналната течност при операција на аблација на ретината?

29. Т.Јосифова, М.Ивановска, К.Блажевска, В.Челева, М.Гавриловска, К.Мартиновска. Европски конгрес на офталмолози, Стокхолм, 1999.
30. Резултати од ласер терапија кај пациенти со ретинална венска оклузија. Т.Јосифова, М.Ивановска, К.Блажевска, В.Николовска. Бугарски офталмолошки когрес, 2000.
31. Промени во видното поле и крваниот притисок кај пациенти со глауком. К. Блажевска Бужаровска, В.Димовска, Е.Џајковска. Европски конгрес за глауком, 2000, Лондон.
32. Ризик фактори и прогресија на глауком. Каролина Блажевска Бужаровска,Т. Јосифова, М.Голубовиќ. Бугарски офталмолошки конгрес, 2000.
33. Видна функција по трабекулектомија.Каролина Блажевска Бужаровска, Т.Јосифова,
34. М.Голубовиќ. Европски офталмолошки конгрес СОЕ, Истанбул, 2001.

***За овој избор ги пријавува следниве трудови***

35. Дијабетична ретинопатија.Голубовиќ Арсовска М.,Јорданова Димовска В., Бужаровска Блажевска К. Мак. мед. преглед 2005(3-4)172-177.
36. Виднаоштринапослетрабекулектомије.К.Бужаровска,В.Јорданова,М.Вукосављевиќ, Е.Џајковска. Војно-санитетски преглед 2005 Нов 62 (11) 797-801.
37. Endothelin -1 plazma concentracions and primary glaucoma V.Dimovska, E.Dzajkovska, K.Blazevska. Bulgarian rewieu of oftalmology .No2 2006(3-7).
38. Аргон ласер трабекулопластика и примарен глауком со отворен агол. В.Јорданова, К.Блажевска, М.Голубовиќ, .Д.Ставриќ, И.Богданова. Македонски конгрес на офталмолозите. 2009 зборник на апстракти.
39. Решавање на псеудофакни аблации. М.Голубовиќ, В.Димовска, К.Блажевска. Втор македонски конгрес на офталмолозите, 2009. Зборник на трудови.
40. Хипертензија и дислипидемија како ризик фактори за појава на дијабетична ретинопатија. М.Голубовиќ, В.Димовска, К.Блажевска. Втор конгрес на офталмолозите на Македонија.
41. Преден увеит и ХЛА-антигени. М.Голубовиќ, М.Антов, М.Ивановска, П.Колевски,
42. К.Блажевска. Мак.мед. преглед, год. 53, 1999, стр. 30-33, бр. 1-2.
43. Периферни дегенерации на ретината, нивното значење и третман. М.Голубовиќ Арсовска, К. Бужаровска. 1. Македонски офтамолошки конгрес 2003, Зборник на трудови.
44. Аргон ласер трабекулопластика кај помлади пациенти. К.Блажевска, Европски конгрес за глауком. Фиренца, 2005.
45. Последен стадиум на оштетување на видното поле и терапија на глауком.
46. Интернационален конгрес на офталмолозите. Сиднеј, 2002.
47. Наши искуства во лекување на глауком со лаокални блокатори на карбоанхидраза.
48. Глауком работилница на Здружението на офталмолозите на Македонија, 2007.
49. Трабекулектомија - најсигурен третман на глауком? К.Блажевска Бужаровска. 16. Конгрес на офталмолози на Србија.Златибор, 2008.
50. Васкуларни ризик фактори кај пациентите со глауком. Седми конгрес на СЕЕОС и Национален конгрес на офталмолозите на Албанија.Тирана, 2010.
51. Хирушки часопис
52. Селективни бета-блокатори во лекувањето на глауком. Мак.мед. преглед.
53. Постоперативна хипотонија кај трабекулектомија. К.Блажевска Бужаровска. Мак. мед. преглед.
54. Лимбус наспроти тарзус ориентиран блеб кај трабекулектомија. К.Блажевска Бужаровска. Мак. мед. преглед.
55. Доплер на каротиди кај пациенти со глауком. К.Блажевска Бужаровска, М.Бошевски. Мак.мед.преглед.
56. Трабекулектомија со 5-фу кај глауком во детска возраст. К.Блажевска Бужаровска, М.Голубовиќ, В.Јорданова, И.Богданова, Б.Блажевска, Х.Дума. Втор конгрес на офталмолози на РМ со меѓународно учество, 2009.
57. Катаракта и глауком. К.Блажевска Бужаровска.Прв конгрес на офтамолози на Македонија, 2003. Зборник на трудови.

58. Примена на 5 фу кај трабекулектомија. К.Блажевска Бужаровска. Прв конгрес на офтамолози на РМ, 2003, зборник на трудови.
59. Бугарски офтамолошки преглед (најновиот).
60. Втор конгрес на офталмолози на РМ 2009 (устен).
61. Втор конгрес на офталмолози на РМ 2009 (устен).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од извештајот и предложениот список на стручно-научни трудови што д-р Каролина Блажевска-Бужаровска ги објавила во стручната и научната литература, а најголемиот дел од објавените трудови ги соопштила на стручни и научни собири во земјава и во странство, може да се заклучи дека има многу богата стручна, научна и едукативна активност. Трудовите имаат значајна теоретска и практична вредност.

Врз основа на прикажаната анализа и оценка на трудовите и целокупната стручна и научна активност на кандидатката, констатиравме дека д-р Каролина Блажевска -Бужаровска ги исполнува сите услови за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област офталмологија

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип **д-р Каролина Блажевска-Бужаровска да се избере во звање *насловен доцент* за наставно-научната област *офталмологија*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Јорданова Димовска – претседател, с.р.**
**Доц. д-р Милена Голубовиќ-Арсовска – член, с.р**
**Насловен доц. д-р Невена Лабан-Гучева – член, с.р**

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Каролина Блажевска-Бужаровска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Раководител на студент во учество на студентска манифестација во земјава – ментор на 3 студентски труда. | 3 | 1 | 3 |
| МРТ Утринска програма – гостување на специјалисти по медицина, јуни 2007 | 1 | 0,5 | 0,5 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра)<br>**1991**<br>**1992**<br>**1993**<br>**1994**<br>**1995**<br>**1996**<br>**1997**<br>**1998**<br>**1999**<br>**2000**<br>**2001**<br>**2002**<br>**2003**<br>**2004**<br>**2005**<br>**2006** | <br>60<br>60<br>60<br>60<br>60<br>60<br>60<br>60<br>60<br>60<br>60<br>60<br>60<br>60<br>60 | 0,3 | 1,8 |
| **Вкупно** | | | **32,3** |
| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Труд со оригиначни научни резултати објавени во научно списание (странство)<br>Видна оштрина после трабекулектомије. К.Блажевска Бужаровска, В.Димовска Јорданова, М. Вукосављевиќ, Е. Џајковска. ВСП 2005, Нов.62(11) 797-801<br>Дијабетична макулопатија.М.Голубовиќ-Арсовска, В.Димовска Јорданова, К.Блажевска Бужаровска. Мак.мед.преглед 2005:59(3-4):172-177 | 2 | 3 | 6 |
| Труд со оригиначни научни резултати објавени во научно списание (во земјава)<br>Хирушки часопис<br>Селективни бета-блокатори во лекувањето на глауком. К.Блажевска Бужаровска.Мак.мед. преглед.<br>Постоперативна хипотонија кај трабекулектомија. К.Блажевска Бужаровска. Мак.мед.преглед.<br>Лимбус наспроти тарзус ориентиран блеб кај трабекулектомија. К.Блажевска Бужаровска. Мак.мед.преглед<br>Доплер на каротиди кај пациенти со глауком. К.Блажевска Бужаровска . Мак.мед.прег. | 7 | 3 | 21 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир (во странство)<br>Трабекулектомија-најсигурен третман на глауком?<br>К.Блажевска Бужаровска.16 Конгрес на офталмолози на Србија.Златибор, 2008.<br>Трабекулектомија и васкуларни фактори кај пациентите со глауком.<br>Седми конгрес на СЕЕОС и Национален конгрес на офталмолозите на Албанија.Тирана, 2010. | 2 | 2 | 4 |
| Пленарно предавање на научен собир (во земјава)<br>Наши искуства во лекување на глауком локални блокатори на карбоанхидраза.Глауком работилница на Здружението на офталмолозите на Македонија. 2007. | 3 | 3 | 9 |
| Учество на научен собир со реферат - усно (странство)<br>Статичка периметрија кај пациенти со примарен глауком и низок крвен притисок. К.Блажевска, Т.Јосифова, М.Голубовиќ, Бугарски офталмолошки конгрес. Плевен, 1994.<br>Повреди во детска возраст. К.Блажевска Бужаровска. Конгрес на Европско офталмолошко здужение. Будимпешта 1997.<br>Трабекулектомија-најсигурен третман на глауком?<br>К.Блажевска Бужаровска.16 Конгрес на офталмолози на Србија. Златибор, 2008.<br>Трабекулектомија и васкуларни фактори кај пациенти со глауком.<br>Седми конгрес на СЕЕОС и Национален конгрес на офталмолози на Албанија.Тирана, 2010.<br>28.Ризик фактори и прогресија на глауком. Каролина Блажевска Бужаровска .Т.Јосифова, М.Голубовиќ.Бугарски офталмолошки конгрес 2000. | 3 | 2 | 6 |
| Учество на научен собир со реферат - постер (странство)<br>1. Аргон ласер трабекулопластика кај помлади пациенти К.Блажевска. Европски конгрес за глауком. Фиренца, 2005.<br>2. Последен стадиум на оштетување на видното поле и терапија на глауком.Интернационален конгрес на офталмолозите. Сиднеј, 2002.<br>3. Промени во видното поле и крваниот притисок кај пациенти со глауком. Каролина Блажевска Бужаровска, В.Димовска, Е.Цајковска. Европски конгрес за глауком 2000. Лондон.<br>4. Видна функција по трабекулектомија. Каролина Блажевска Бужаровска,Т.Јосифова, М.Голубовиќ. Европски офталмолошки конгрес СОЕ, Истанбул, 2001.<br>5.Очна хипертензија ризик фактор за глауком. К.Блажевска Бужаровска, Т.Јосифова,М.Голубовиќ. СОЕ конгрес, Стокхолм, 1999.<br>6.Периметриска дијагностика на глауком при прво испитување на пациентот. К.Блажевска, Т.Јосифова.М.Голубовиќ, М.Антова, С.Бошњаковска, Е.Цајковска. Интернационален симпозиум за глауком, Рим, 1997.<br>7. Toxocara canis. Приказ на случај. К.Блажевска, М.Ивановска, Г.Софрониева. Европски офталмолошки конгрес. Милано, 1995. | 4 | 1,5 | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество на научен собир со реферат - усно (во земјата)<br>Катаракта и глауком. К.Блажевска Бужаровска.1 Конгрес на офтамолози на Македонија, 2003, Зборник на трудови.<br>Примена на 5 фу кај трабекулектомија. К.Блажевска Бужаровска. Прв конгрес на офтамолози на РМ, 2003, зборник на трудови.<br>2-устен<br>2-устен | 3 | 1,5 | 4,5 |
| Учество на научен собир со реферат (постер) во земјава<br>Трабекулектомија со 5-фу кај глауком во детска возраст. К.Блажевска Бужаровска, М.Голубовиќ, В.Јорданова, И.Богданова, Б.Блажевска, Х.Дума. Втор конгрес на офталмолози на РМ со меѓународно учество, 2009 | 2 | 1 | 2 |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | 4 |
| Студиски престој во странство | 2 | 8 | 16 |
| | | | **86,5** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Пленарно предавање на стручен собир | 1 | 2 | 2 |
| Генерален секретар на Здружението на офталмолози на РМ | 1 | 2 | 2 |
| Награди и признанија | 1 | 2 | 2 |
| **Вкупно** | | | **6** |
| **Вкупно НО+ НИ + стручно апликативно** | | | **124,8** |